Јавно претпријатие за комунални дејности "Огражден" п.о.
Бр 03-415/1
19. 12. 2011 год
Босилово

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И ПЛАН ЗА РАЗВОЈ НА ЈПКД„ОГРАЖДЕН„ БОСИЛОВО ЗА 2012 ГОДИНА

И 2012 година како и предходната 2011 година главната дејност на ЈПКД „ОГРАЖДЕН„ Босилово ќе биде „Собирање пречистување и дистрибуција на вода за пиење и испраќање до крајните потрошувачи. Покрај дејноста водоснабдување на населението со вода за пиење Јавното претпријатие се бави и со други деноности

-Собирање, транспортирање и депонирање на комуналниот отпад.

-Одржување на улично и јавно осветлување

-Одржување на јавна чистота и зимско одржување со претходно изготвен план и програма од страна на Општина Босилово.

Во 2012 година покрај овие дејности во план се преземање уште на две дејности, согласно Законот за комунални дејности и Законот за јавни претпријатија и тоа

-Уредување и организирање на јавен локален превоз на патници и

-Одржување на гробови и гробишта и давање на потребни услуги.

## I ВОДОСНАБДУВАЊЕ

Во 2012 година ќе настојуваме бројот на приклучоци да го зголемиме уште за 10% што значи дека ќе продолжиме со иста динамика во делот на приклучување на домакинствата на водоводната мрежа. Да напоменеме дека во 2011 година имаме вкупно 64 приклучока и тоа по населени места

-Босилово 9
-Турново 19
-Секирник 10
-Радово 6
-Бориево 3
-Штука 1
-Иловица 1
-Моноспитово 3
-Робово 1
-Еднокукево 11

Моментално има приклучено 2.400 приклучоци од кои 90 сеуште не се излезени од самопридонес. По населени места ги имаме следните приклучоци.

| | |
|---|---|
| -Турново | 192 |
| -Секирник | 165 |
| -Радово | 100 |
| -Босилово | 364 |
| -Бориево | 181 |
| -Робово | 94 |
| -Еднокукево | 93 |
| -Штука | 235 |
| -Иловица | 478 |
| -Моноспитово | 501 |

Во план е и изградба на индустриска зона во с. Робово, тоа е место покрај магистралниот пат Струмица - Ново село каде ќе биде изграден доводен цевковод ф-75 во должина од 570 метри и секундарни линии ф-63 во должина од 150 метри и 180 метри или вкупно 330 метри.
Располагаме со филтер станица со комплетна стручна екипа за да овозможиме 24 часа работење за производство на вода за потребите на населението во Општина Босилово. Редовното производство во 2012 година ќе овозможи и редовно снабдување со суровини, материјали, хемикалии за производство на вода како и реагенси за испитување, како и со резервни делови и мазива за машината и опремата како и подршка на софтверскиот дел од опремата. Притисокот на водата и оваа 2012 година ќе биде 4-5 бари. Во Иловица и Штука за потребите на месното население ќе пуштиме вода и во 2012 година, а тоа ќе го направиме кога ќе снема вода од нивниот зафат или кога тоа ќе го побара месното население.

## II СОБИРАЊЕ, ТРАНСПОРТИРАЊЕ И ДЕПОНИРАЊЕ НА КОМУНАЛЕН ОТПАД

Со собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад опфатени се сите создавачи на комунален отпад во Општина Босилово. Во моментот собирањето на комунален отпад се одвива во (10) десет населени места и тоа
-Босилово
-Еднокукево
-Робово
-Петралинци
-Бориево

-Моноспитово
-Турново
-Радово
-Секирник
-Ст. Балдовци

Останувaат уште во (5) пет населени во Општина Босилово тоа да го направиме и тоа во

-Сарај
-Гечерлија
-Дрвош
-Иловица
-Штука

Иако во 2011 година беше направен план да бидат опфатени сите населени места во Општина Босилово со собирањето на комуналниот отпад, сепак тоа не беше направено од причина што собирањето на комуналниот отпад требаше да го преземе фирма од приватниот сектор, но до денешен ден тоа не е сторено. Доколку и понатаму тоа не биде направено Јавното претпријатие ке презема чекори и во оние населени места во Општина Босилово каде што не се собира комуналниот отпад тоа да го прави.

Во моментот опфатени се околу 1860 физички и правни лица и ке настојуваме во 2012 година оваа бројка да ја зголемиме уште за стотина физички и правни лица.

Како што знаете услугата ја извршуваат две екипи. Едната екипа е камион со возач и двајца утоварувачи, а другата екипа е трактор со возач и двајца утоварувачи. Создавачите отпадот го депонираат во контењери, канти за ѓубре или во буриња од каде комуналното претпријатие го презема и го носи до локацијата одредена од Советот на Општина Босилово. Со таква динамика ке продолжима да го собираме комуналниот отпад и во 2012 година.

Не се врши селектирње на отпадот поради несоодветна техничка опременост како на комуналното претпријатие така и на Општина Босилово.

## III ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЧНО И ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ

Уличното и јавното осветлување ќе се одржува во исправна состпјба и во 2012 година. Во текот на 2011 година ЈПКД „Огражден„ Босилово превземаше активности за одржување на улично осветлување, но интензивно се работеше и на проширување на мрежата во сите петнаесет населени места во

Општина Босилово. За сервисирање односно замена на дотраени сијалици се потрошени 1300 економски флоросцентни сијалици. За проширување на мрежата за улично осветлување поставени се 250 нови улични светилки, а тоа значи дека за овој број е зголемена мрежата. За таа цел потрошено е кабел 2х16 во вкупна должина од 7000м. Активностите се извршуваа со приоритет на населените места со најмала покриеност.

Поаѓајќи од сработеното во 2011 година, за 2012 година се планира да се работи со истиот интензитет како и до сега. Лоцирани се сите места каде треба да се постават нови улични осветлувања и тоа во насленените места Иловица, Сарај, Старо Балдовци и Дрвош. Тоа се населени места со најмал коефициент на покриеност, а тоа не значи дека другите населени места ќе бидат запоставени. Сервисирањето ќе се одвива тековно, спрема потребите. Притоа планираме дека ќе ни бидат потребни 300 нови улични сијалици (форели), кабел 2х16, 8000м и 1500 економски флоросцентни сијалици.

## IV ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОЌА И ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ СО ПРЕТХОДНО ИЗГОТВЕН ПЛАН И ПРОГРАМА ОД СТРАНА НА ОПШТИНА БОСИЛОВО

И во оваа 2012 одржувањето на јавната чистока ќе го врши ЈПКД „ОГРАЖДЕН„ Босилово. Секој дневно ке се чисти тротоарот почнувајки од општинската зграда па се до раскрсницата во центарот на Босилово, потоа улицата околу училиштето и училишното игралиште, како и тротоарите и улиците пред јавното претпријатие. Мегутоа тоа не значи дека и во останатите населени места нема да ги чистиме јавните површини. Во сите населени места во Општина Босилово еднаш до два пати во месецот ке се чистат јавните површини. Во месеците април и мај како и септември- октомври ке се врши сечење на гранки од дрвја покрај патот како и чистење на банкините од трева покрај локалните патишта. Исто така во летниот период на сите локални патишта во Општина Босилово се врши и косење на трева.

За зимско одржување на локалните патишта во Општина Босилово јавното претпријатие не располага со механизација која може да врши расчистување на снег при обилни врнежи но стапуваме во контакт со фирми кои ја имаат потребната механизација. Одржувањето ке се одвива машинско а на одредени места и рачно.

## V УРЕДУВАЊЕ И ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВЕН И ЛОКАЛЕН ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ

Како што беше нагласено во почетокот на програмата во план е преземање на уште една дејност а тоа е уредување и организирање на јавен локален превоз на патници. Тука пред се се мисли на превоз на ученици за потребите на ООУ „ Гоце Делчев„ с. Босилово и ООУ „Кирил и Методиј„ с. Иловица .За таа намена ке се набави еден автобус кој ке се одвива на релација

-Робово-----Босилово и обратно
-Еднокукево---Босилово и обратно
-Сарај--------Петралинци и обратно
-Радово-------Турново и обратно
-Бориево------Моноспитово и обратно

## VI ОДРЖУВАЊЕ НА ГРОБОВИ И ГРОБИШТА И ДАВАЊЕ НА ПОТРЕБНИТЕ УСЛУГИ

И оваа е нова дејност кое ЈПКД „ОГРАЖДЕН„ Босилово треба да ја преземе во 2012 година. За оваа дејност се уште нема разработено план како ке се обавува но имаме укажување од Државниот комунален инсекторат Општина Босилово и ЈПКД „ ОГРАЖДЕН„ Босилово ВЕДНАШ да пристапат кон реализирање на Законот за гробишта и погребални услуги.

ЈПКД„ОГРАЖДЕН„
БОСИЛОВО

Јавно претпријатие за комунални дејности „Огражден" п.о. Босилово 1